Food and Agriculture Organization of the United Nations

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by
giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH




# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО

## ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ

**2020 ГОДИНА**

**5.a.2**
ИНДИКАТОР

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО

## ГО ПРЕОБРАЗУВАМЕ НАШИОТ СВЕТ: АГЕНДАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ДО 2030 ГОДИНА ВКЛУЧУВА 17 ОПШТИ ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И 169 КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

На 25 септември 2015 година, на Самитот на ОН за одржлив развој во Њујорк, 193-те земји-членки на ОН усвоија нови глобални цели за следните 15 години.

Агендата 2030 прерасна во главна референтна рамка за националните политики и програми за развој.




### КОЈ Е ОДГОВОРЕН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИНДИКАТОРИТЕ НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ (SDGS)?

Надлежните агенции кои ги собираат и проверуваат податоците се одговорни за преземање на водството во координирање и водење на процесот на следење и известување, во име на други партнери и засегнати страни.

*Метаподатоци*: Комисијата за статистика на ОН има објавено метаподатоци прегледани/развиени од надлежните агенции за сите 17 цели.

Метаподатоци за индикатори поврзани со земјиште може да се најдат на:

SDG 5.a.1

SDG 5.a.2

SDG 1.4.2

**ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ЗЕМЈОДЕЛСТВО (FAO) Е АГЕНЦИЈАТА КОЈА ГИ СОБИРА И ПРОВЕРУВА ПОДАТОЦИТЕ ЗА 21 ИНДИКАТОР.**



5 GENDER EQUALITY

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ




## КОНКРЕТНА ЦЕЛ 5.а

Спроведување реформи со кои на жените ќе им се дадат еднакви права на економски ресурси, како и пристап до сопственост и контрола врз земјиште и други форми на имот, финансиски услуги, наследство и природни ресурси, во согласност со националните закони.

Конкретната цел 5.а се мери преку два индикатора: квантитативен индикатор и квалитативен индикатор кои, кога се мерат заедно, им овозможуваат на земјите да го следат влијанието од правната реформа во областа на сопственост и/или контрола врз земјиште од страна на жените.

## ИНДИКАТОР 5.а.1

Индикатор 5.а.1: „(а) Процент на граѓани со сопственост или права врз земјоделско земјиште (од вкупното земјоделско население), според пол; и (б) Учество на жените меѓу сопствениците или носителите на права за земјоделско земјиште“, според видот на сопственоста.

## ИНДИКАТОР 5.а.2

Процент на земји во кои правната рамка (вклучително и обичајното право) гарантира еднакви права на жените на сопственост и/или контрола врз земјиште.

*FAO е агенција надлежна за собирање и проверка на податоци за овој индикатор и има развиено методологија за известување во соработка со агенции и партнери кои обезбедуваат податоци*

## ЗОШТО Е ПОТРЕБЕН ЗАКОНСКИ ИНДИКАТОР ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО ОБЛАСТА НА СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ?

Со вклучување на индикаторот 5.а.2 се препознава дека поголемата рамноправност во сопственост и контрола врз земјиште придонесува кон економска ефикасност и има позитивни мултипликативни ефекти за остварување на низа други SDGs, вклучително и намалување на сиромаштијата (Цел 1), сигурност на храната (Цел 2) и здравјето и благосостојбата на домаќинствата, заедниците и земјите (Цели 3, 11 и 16, меѓу другите).

© GIZ / Erald Lamja

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО

## КОИ АЛАТКИ НИ СЕ НА РАСПОЛАГАЊЕ ЗА РОДОВО-РАМНОПРАВНА СОПСТВЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ?




**Агенда за одржлив развој до 2030 година.**




**FAO и индикатори за SDGs: Мерење на влијанието од остварување на Агендата за одржлив развој до 2030 година.**




**Прирачник за известување за индикаторот 5.а.2. на SDGs.**




**Алатка за процена на законодавството (LAT)**




**Доброволни насоки за одговорно владеење со сопственост над земјиште, рибници и шуми во контекст на национална сигурност на храна**




**Управување со земјиште за жени и мажи** Технички прирачник за поддршка на остварување одговорно родово-рамноправно владеење со сопственост над земјиште




**Креирање систем за евидентирање права на сопственост и прв упис**




**Одговорно владеење со сопственост и законодавството**

Прирачник за адвокати и други даватели на правни услуги




**Подобрување на начините за евидентирање на правата на сопственост**




База на податоци на FAO за родови прашања и права на земјиште




**Прирачник за зајакнување на родова рамноправност при нотарското работење- Југоисточна Европа**

Регионалниот прирачник за зајакнување на родовата рамноправност при нотарското работење нуди брзи и едноставни чекори, и контролни списоци кои им помагаат на нотарите да спроведат длабинска анализа во услугите што ги обезбедуваат согласно законот, преку утврдување и заштита на правата на сите жени и ќерки кои имаат правен интерес во соодветната услуга. Исто така, им обезбедуваат дополнителни информации на нотарите кои сакаат да го унапредат своето знаење и разбирање за родовите импликации на услугите што ги обезбедуваат, и совети како да се вклучат во застапување за родова рамноправност.

## НАСКОРО

- Регионален прирачник за зајакнување на родовата рамноправност во службите за катастар на недвижности во Југоисточна Европа
- Национални обуки за спроведување на регионалните прирачници за зајакнување на родовата рамноправност при нотарското работење и постапките за упис на права во Југоисточна Европа

5 GENDER EQUALITY

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ

## ПОСТАПКА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИНДИКАТОР 5.А.2 НА SDGS

### ПОСТАПКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ




Правни експерти од соодветните национални институции ги проверуваат сите постоечки законски одредби за да утврдат постоење на шесте показатели кои се сметаат за меѓународна добра практика во гарантирање на родовата рамноправност во сопственост и контрола врз земјиште.

### ШЕСТЕ ПОКАЗАТЕЛИ ОПФАЌААТ:

**ПОКАЗАТЕЛ А**

Заедничкиот упис на земјиштето е задолжително или се поттикнува со помош на економски стимулации за брачни и/или вонбрачни другари.

**ПОКАЗАТЕЛ В**

Еднакви права на наследство за жени и девојчиња.

**ПОКАЗАТЕЛ Д**

Заштита на правата на жените на земјиште во услови во кои законот експлицитно го прифаќа обичајното право.

**ПОКАЗАТЕЛ Б**

Согласност од сопружникот за трансакции на земјиште.

**ПОКАЗАТЕЛ Г**

Распределба на финансиски ресурси со цел зголемување на сопственоста и контролата врз земјиште кај жените.

**ПОКАЗАТЕЛ Ѓ**

Задолжителни квоти за учество на жени во институциите за управување со и администрација на земјиште.

FAO како надлежна агенција за собирање и проверка на податоци ги пресметува резултатите и го пресметува процентот на земји каде што е остварен напредок во законската рамка (вклучително и обичајното право) која гарантира еднакви права на жените за сопственост и/или контрола врз земјиште. Методологијата е усвоена од Меѓуагенциската и експертската група за индикатори на SDGs (IAEG-SDGs) во ноември 2017 година, а индикаторот е подигнат на НИВО II.





# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО



© GIZ / Jutta Benzenberg

## РЕГИОНАЛНА ИНИЦИЈАТИВА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Регионалната иницијатива на земјите од Западен Балкан ги зема предвид предизвиците кои се појавуваат при пристапот на жените кон сопственост и контрола врз земјиште. Во земјите од Западен Балкан, формирани се мултидисциплинарни родови тимови кои се состојат од експерти за земјишна администрација, креатори на владини политики, службеници за родови прашања, локални НВО-и и нотари со цел да се обезбеди поддршка за процесот на зајакнување на родовата рамноправност и социјалната инклузија во правата на сопственост.

Во 2013 година, податоците поделени по пол кои ги поднеле сите земји укажаа на ниско ниво на сопственост на земјиште кај жените. Владите во регионот се изненадија од сознанието дека сопственоста на земјиште кај жените на некои места била скоро 3 проценти, а во повеќе случаи не била поголема од 30 проценти. Користењето на постоечките податоци за упис на сопственост покажа дека таквите информации би можеле да се клучни за информиран дијалог со креаторите на политики за родова рамноправност во правата на сопственост.

## ПАРТНЕРСТВА И РЕЗУЛТАТИ

Од 2015 година и по донесувањето на Агендата за 2030 година, Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ), во име на Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ), FAO, и Меѓународната унија на нотари (UINL) ги фокусираат своите заложби на две примарни цели:

1. **олеснување на известувањето и следењето по земји за индикатор 5.а.2 на SDGs за родова рамноправност во сопственост и контрола врз земјиште;**
2. **придонесување кон спроведување на индикаторот 5.а.2 на SDGs преку соработка со локални застапници за промена.**

**За Цел 1**, резултатите од процените на законодавството спроведени во текот на 2015-2016 година се ажурирани на почетокот на 2020 година со цел да се поддржи следната рунда на известување за SDGs. Овие процени се спроведоа со користење на Алатката за процена на законодавството (LAT) на FAO за родово-рамноправна сопственост на земјиште, која е конкретно развиена за спроведување на Доброволните насоки за одговорно владеење со сопственост на земјиште, рибници и шуми во контекст на начелото за родова рамноправност во рамките на националната сигурност на храна (VGGT) и за олеснување на националното известување под индикаторот 5.а.2. на SDGs. VGGT беше усвоен во 2012 година од страна на Комитетот за светска безбедност на храна (CFS), давајќи им легитимитет и овластување на неговите препораки за политики. Примената на LAT помогна при идентификување на некои од правните и техничките пречки за пристап до сопственост на земјиште за жените и изнесе на виделина некои предизвици во спроведувањето.

**За цел 2**, FAO и GIZ формираа партнерство со UINL со цел да ги идентификуваат капацитетите кои им се потребни на нотарите и службите за упис во регионот и да обезбедат помош во премостување на јазовите во имплементацијата утврдени во рамките на Цел 1. Се организираше работилница на која се собраа претставници на министерствата за правда во регионот, нотарите и службите за катастар на недвижности. Со овој форум им се овозможи на локалните практичари да го споделат своето искуство, предизвици и решенија, и им помогна на развојните партнерите да обезбедат интегрирана и насочена поддршка, вкоренета во локалните реалности, а сè со цел спроведување на VGGT и SDGs 5.а.2. Оваа соработка доведе до објавување на „Прирачник за зајакнување на родовата рамноправност при нотарското работење – Југоисточна Европа“. FAO, GIZ и UINL сега обезбедуваат поддршка за националната адаптација на овие насоки со цел истите да се прилагодат на националните правни рамки и специфичностите на секоја земја.

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ

**АЛАТКАТА ЗА ПРОЦЕНА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО (LAT) ГИ ОПФАЌА ШЕСТ ПОКАЗАТЕЛИ НА SDGS И ГИ ПОТТИКНУВА ЗЕМЈИТЕ ДА ИМ ДАДАТ ПРИОРИТЕТ НА ЗАКОНСКИТЕ РЕФОРМИ КОИ СЕ ПОТРЕБНИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ**

## ПОСТАПКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИНДИКАТОР 5.А.2 НА SDGS ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

### НА НИВО НА ЗЕМЈА

Индикаторот 5.а.2 се заснова на LAT на FAO за родово-рамноправна сопственост на земјиште. LAT опфаќа процена на опсегот во кој политиката и законската рамка на некоја земја поддржува родово-рамноправни уредувања за сопственост на земјиште со тоа што рамката се тестира во однос на 26 индикатори кои се утврдени со меѓународен консензус, посебно Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација против жените (CEDAW), и меѓународно-прифатени добри практики, вклучително и VGGT.
LAT ги опфаќа шесте показатели за SDGs, и им овозможува на земјите да ги планираат, дадат приоритет и спроведат законските реформи кои се потребни за остварување на родова рамноправност како во законите, така и во пракса. Иако не е барање во рамките на процесот за известување за индикаторот 5.а.2. на SDGs, земјите од Западен Балкан го применуваат LAT како прв чекор кон известување за SDGs, со цел следење на остварениот напредок во родовата рамноправност во сопственост и контрола врз земјиште и утврдување на области каде што се потребни понатамошни реформи.


© GIZ / Jutta Benzenberg

### НА РЕГИОНАЛНО НИВО

На регионално ниво, земјите ги споделуваат резултатите од процена на Индикаторот 5.а.2. на SDGs и LAT на регионални средби и преку заеднички публикации. Ова помогна при воспоставување и одржување на поддршка за законска и административна реформа и за други заложби кои ќе се преземат од секоја земја.

Процената на Индикаторот 5.а.2 на SDGs и LAT им помага на земјите да ги утврдат сличностите и да ги споделат најдобрите практики, како и да научат од искуствата на соседните земји.

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО

## ПОДДРШКА ЗА АГЕНДАТА 2030

**Индикатор 5.a.2 на SDGs** FAO, GIZ, UINL, Економската комисија за Европа на Обединетите Нации (UNECE), Групацијата на Светска банка и други развојни партнери го поддржуваат регионот на Западен Балкан во зајакнување на родовата рамноправност во сопственост и контрола врз земјиште и придонесуваат за спроведување и известување за индикаторот 5.a.2 на SDGs.

## ПРИКАЗНИ ОД НОТАРИТЕ

Нотарите во регионот имаат идентификувано случаи во кои жените загубиле сопственост над земјиште поради недостиг на законодавство или стандардизирани процедури од законодавни тела или поради присуството на дискриминирачки обичаи. Во голем број случаи, жените се одрекле од своите права на имот поради социјален притисок, а во некои случаи и поради верувањето дека немаат право да поседуваат земјиште.




Отпочнување на проектот на GIZ „Економско зајакнување на жените", ноември 2019 година, Тирана, Албанија

## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**Во рамките на Германската развојна соработка, GIZ Отворениот регионален фонд за правна реформа** продолжува да ги поддржува министерствата за правда, нотарските комори и катастарските служби во Југоисточна Европа во спроведување на правната рамка за економско зајакнување на жените, со што ќе им се овозможи на нотарите да ги земат предвид правата на жените во прекуграничните трансакции и да се применува родовата рамноправност во секојдневното работење на нотарите и катастарските служби, преку техничка поддршка, регионална размена, развој на капацитети и подигнување на свеста.




Работилница за валидација – Подобрување на родовата рамноправност во Западен Балкан кон 5.a.2. на SDGs, 14 септември 2018 година, Рим, Италија.

**UINL** е посветена на преземање значајна улога во остварување на конкретната цел 5.a.2. Во рамките на Меморандумот за разбирање меѓу FAO и UINL, потпишан на 8 јануари 2016 година, UINL обезбедува техничка поддршка за националната адаптација на Регионалниот прирачник за зајакнување на родовата рамноправност при нотарското работење – Југоисточна Европа. Освен тоа, UINL развива нов Технички прирачник за улогата на нотарите во обезбедување поддршка при спроведување на VGGT.

Мултидисциплинарниот тим на **FAO** е посветен на обезбедување поддршка за земјите во следење и процена на напредокот во рамките на индикаторот 5.a.2. на SDGs, вклучително и поддршка за соработка и споделување на знаење меѓу различни региони.

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ

## РЕЗУЛТАТИ ОД ИНДИКАТОРИТЕ НА LAT/ПОКАЗАТЕЛИТЕ НА SDGS ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Во јануари 2020 година,** повторно се примени LAT, во согласност со официјалната методологија која се користи за известување за SDGs за индикатор 5.а.2.

| ЛАТ ИНДИКАТОР | | АЛБАНИЈА | БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | СРБИЈА | СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ЦРНА ГОРА | *КОСОВО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **18(а)** | За брачни заедници задолжително е или се поттикнува заеднички упис на земјиште | 3 | 0 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| **18(б)** | За вонбрачни заедници задолжително е или се поттикнува заеднички упис на земјиште | 0 | 0 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **17(а)** | За трансакција на земјиште потребна е согласност од сопружник | 2 | 0 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| **17(б)** | За трансакции со земјиште потребна е согласност од партнерот | 0 | 0 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| **20(а)** | Еднакви права за вдовци и вдовици или партнер на уделот од имотот на починат сопружник или партнер | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **21(а)** | Еднакви права за вдовици и вдовци на доживотно право на користење на семејниот дом | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **22(а)** | Еднакво право на наследство за ќерки и синови | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **22(б)** | Право на синови и ќерки на наследство на еднакви делови | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **9** | Распределени се финансиски средства за зголемување на сопственоста и контролата врз земјиште кај жените | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **10** | Утврдени се квоти за учество на жените во институции за управување и администрација со земјиште | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 |

### LAT МЕТОДОЛОГИЈА

- **0** не постои показател
- **0.5** се развива политика која го вклучува показателот
- **1.5** воспоставена политика во која е вклучен и показателот
- **1** воспоставена е политика која го опфаќа индикаторот
- **1.5** нацрт-законска регулатива (предлог закон или слично) која го содржи индикаторот
- **2** показателот постои во примарно законодавство
- **3** показателот постои во секундарно законодавство
- **НП** показателот не е применлив

**Упатувањата на Косово се во согласност со Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност*

## РЕЗИМЕ ОД РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРАШАЛНИКОТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА SDGS 5.А.2 ВО СРБИЈА (2020)

| | | |
|---|---|---|
| **ПОКАЗАТЕЛ А** | Заеднички упис | **Присутен** |
| **ПОКАЗАТЕЛ Б** | Согласност од сопружник | **Присутен** |
| **ПОКАЗАТЕЛ В** | Наследство | **Присутен** |
| **ПОКАЗАТЕЛ Г** | Распределба на средства | **Нема** |
| **ПОКАЗАТЕЛ Д** | Обичајни системи за сопственост врз земјиште | **НП** |
| **ПОКАЗАТЕЛ Ѓ** | Квоти | **Присутен** |

**Високи нивоа на гаранции за родова рамноправност во сопственост и/или контрола врз земјиште во законската рамка.**

Вкупен број на показатели присутни во законската рамка:

☐ ниеден ☐ еден ☐ два ☐ три ☒ четири ☐ пет ☐ шест

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО

## ОПШТИ ПРЕПОРАКИ

Да се следи напредокот кој е остварен од последните процени и известување за SDGs, и подготвување за следната рунда на известување за SDGs.

Да се воведе дигитална конекција на регистрите за поедноставување на работата и координацијата меѓу нотарите и службите за катастар на недвижности за упис на правата.

Да се измени законодавството за да се обезбеди правото на вдовец или вдовица на доживотно користење на семејниот дом.

Во земјите во кои законот генерира права и обврски во однос на сопственост на имот за партнери во вонбрачна заедница, да се олесни идентификација и упис на такви права.

Да се поддржи мерењето и спроведувањето на индикаторот 5.а.1. на SDGs со цел да им се овозможи на катастрите на недвижности да собираат податоци распределени по пол за сопственици на земјиште или други носители на права на земјиште.

Националните комори на нотари треба формално да ги усвојат насоките содржани во националните анекси кон „Регионалниот прирачник за зајакнување на родовата рамноправност при нотарското работење“ со цел да им се разјаснат обврските на нотарите во врска со родовата рамноправност и да се усогласат постапките во сите нотарски служби.




© GIZ / Armand Habazaj

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ

5 GENDER EQUALITY

## ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

- **Генерирање на податоци по пол од ИТ системите за упис на имот и катастарот** во Западен Балкан.

- **Согласноста од брачниот другар е задолжителна** за каква било трансакција во која е вклучен брачен имот – брачните другари заедно и договорно управуваат и располагаат со брачниот имот во Албанија, Србија, Северна Македонија, Црна Гора и *Косово**.

- **Вообичаениот поредок за имот стекнат за време на правно-воспоставена договорна заедница (кохабитација) е сосопственост или заедничка сопственост** во Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Северна Македонија и *Косово**.

- **Заедничкиот упис на земјиште во заедничка сопственост на брачни другари е задолжителен или се поддржува преку економски стимулации** во Албанија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија.

- Од 8 јуни 2018 година, во Србија, **поедноставена е постапката за заеднички упис на двајца брачни другари (заедничка сопственост)** по службена должност врз основа на извод од матична книга на венчаните и изјава од двајцата брачни другари за последователниот упис на нерегистриран сопружник за имот стекнат во брак.

- **Во Србија воведено е намалување на надоместокот за упис на права на имот** преку данок за стимулација во износ од административна такса од 3 евра, со цел да се стимулира и зголеми сопственоста и контролата врз земјиште кај жените, во случаи кога и двајцата брачни другари/ партнери се упишани како со-сопственици на имотот и за упис на сопственост на имот за лица со попречености (Закон за јавни административни такси на Србија).

- **Утврдена е институција која ќе го води известувањето** за Индикаторот 5.а.2. на SDGs во Северна Македонија, Србија.

- Во Србија и во Босна и Херцеговина, Република Српска, **се воспоставени мобилни центри за услуги за упис.**

- **Во Албанија, според Законот 111/2018 "за катастар" заедничкиот упис на брачен имот е задолжителен.** Потоа, следи донесување на Уредба бр. 1150 од 3 јуни 2019 година со која се утврдува постапката за исправка на податоци од евиденцијата на недвижности кога соодветниот дел од сопственоста меѓу сопружниците се регистрирала само на име на еден од сопружниците.

- **Нотарите и Агенцијата за катастар на недвижности организираат отворени денови за давање бесплатна правна и стручна помош на граѓаните** во Северна Македонија.

- **Матичните книги и регистрите за недвижности се интероперабилни,** со што се олеснуваат постапките за наследство и пренос на сопственост во Србија, Албанија и Косово*. Ова се планира и во Босна и Херцеговина.

- **Проектот ја подигна свесноста** за придобивките од регистрирање на двајцата брачни другари во сите земји од Западен Балкан.

- **Уредбата за измена и дополнување на Уредбата за одредување на награди и надоместоци за нотари во Босна и Херцеговина, Република Српска,** воспоставува попуст на нотарските тарифи кога сопружниците се стекнуваат или вршат пренос на брачен имот.

- *Косово** **ја усвои Административната инструкција (GRK) бр. 02/2020 за бесплатен упис на заеднички недвижности во име на двајца сопружници.** Заедничкиот упис се поттикнува преку економски стимулации во *Косово**, со тоа што Агенцијата за катастар не наплатува тарифа доколку двајцата сопружници побараат заеднички упис.

**Упатувањата на Косово се во согласност со Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност*

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО

## ВЛИЈАНИЕТО ВО БРОЈКИ, 2013 НАСПРОТИ 2019 ГОДИНА

### БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, ФЕДЕРАЦИЈА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, 2013

**26,84 % од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**
• 37.81% главен град Сараево (највисок процент)
• 20.17% општина Бужим (најнизок процент)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, ФЕДЕРАЦИЈА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, 2019

**38.33% од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**
• 42.84% главен град Сараево (највисок процент)
• 20.23% општина Бужим (најнизок процент)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, РЕПУБЛИКА СРПСКА, 2013

**29.97% од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**
• 33.20% главен град Бања Лука (највисок процент)
• 19.46% општина Соколац (најнизок процент)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, РЕПУБЛИКА СРПСКА, 2019

**33,83 % од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**
• 34.58% главен град Бања Лука (највисок процент)
• 22.23% општина Трново (најнизок процент)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### КОСОВО*, 2013

**17.04% од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**
• 17.24% главен град Приштина (највисок процент)
• 8% општина Глоговац (најнизок процент)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### КОСОВО*, 2019

**17.86% од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**
• 18.47% главен град Приштина (највисок процент)
• 9.2% општина Малишево (најнизок процент)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

**Упатувањата на Косово се во согласност со Резолуцијата 1244 (1999) на Советот за безбедност*

5 GENDER EQUALITY

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ

## ВЛИЈАНИЕТО ВО БРОЈКИ, 2013 НАСПРОТИ 2019 ГОДИНА

### ЦРНА ГОРА, 2013

**25,99 % од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**

- 31% главен град Подгорица (највисок процент)
- 15% општина Рожаје



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### ЦРНА ГОРА, 2019

**32% од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**

- 37% главен град Подгорица (највисок)
- 24% Северниот регион (најнизок)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2013

**16,63 % од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**

- 18% главен град Скопје (највисок процент)
- 7% Полошка општина (најнизок)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2019

**27.27% од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**

- 34.01% главен град Скопје (највисок процент)
- 13.96% Полошка општина (најнизок процент)



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### СРБИЈА, 2013

**31,73 % од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**

- 35.72% Белград
- 51.3% општина Стари Град (највисок процент)
- 13,38% - општина Прешево



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

### СРБИЈА, 2019

**35.50% од евиденцијата се уписи во кои жени се сопственици или со-сопственици**

- 39.47% Белград
- 58.44% општина Ада (највисок процент)
- 14,73% - општина Прешево



> 45%
30% - 45%
15% - 30%
< 15%
рурално

Извор на сите карти: ИТ системите за упис на недвижности и катастар, 2013 и 2019 година

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО ДРУГИ ЗЕМЈИ: ПРОЦЕНА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ВО ЈУЖЕН КАВКАЗ

На почетокот од 2019 година, владите на Азербејџан, Ерменија и Грузија изразија интерес да спроведат преглед на нивните национални законски рамки во однос на показателите за Индикаторот 5.а.2. на SDGs. Врз основа на успешната соработка во земјите од Западен Балкан, FAO и GIZ го проширија своето партнерство на регионот Јужен Кавказ за да го олеснат известувањето за индикаторот 5.а.2. на SDGs..




**1. Презентација на LAT и методологијата за известување за SDGs за претставниците на националните институции за администрација со земјиште и заводите за статистика кои учествуваа во промовирање на родовата рамноправност и други релевантни засегнати страни.**

Овие работилници обезбедија можност да се процени остварениот напредок и чекорите преземени од националните власти за зајакнување на родовата еднаквост, како во рамки на законите, така и во пракса. Иако овие три земји имаа донесено родови стратегии и отпочнато законски реформи, учесниците идентификуваа низа културолошки и административни бариери кои сè уште постојат во остварувањето на родовата еднаквост во сопственост и контрола врз земјиште. Овие дискусии обезбедија солидна основа за детална анализа на политичката и правната рамка во однос на показателите за индикаторот 5.а.2 на SDGs, и за поттикнување на национални дискусии околу расположливите политички, административни и законски можности за побрзо остварување на родовата рамноправност во пракса.




**2. Во соработка со релевантните национални институции, утврдување на тимови од национални правни експерти со искуство во областа на стварното право и човековите права.**




Овие експерти беа обучени за користење на алатките и методологиите за процена со цел да се обезбеди конзистентност при прегледот на националните правни рамки. Во период од 20 дена ги собраа сите релевантни инструменти, вклучително политики, нацрт-политики, закони, нацрт—закони и прописи, и ги прегледаа овие документи за да утврдат дали показателите се интегрирани во правната рамка или дали се во процес на интегрирање преку донесување на мерки за политики или законски реформи. Резултатите од процените потврдија дека иако постојат некои гаранции за родова рамноправност во сопственоста и/или контрола врз земјиште во правната рамка, земјите од регионот треба да продолжат со своите заложби за постигнување повисоки нивоа на гаранции и обезбедување во пракса мажите и жените да уживаат подеднакви придобивки од заштитата на нивните права на сопственост која се обезбедува со закон.




работилница во Азербејџан

**3. Презентација на резултатите и валидација.**

Резултатите беа презентирани на почетокот на 2020 година на националните работилници во Азербејџан и Грузија. Националната работилница во Ерменија се одложи поради пандемијата предизвикана од КОВИД-19

# ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ

5 GENDER EQUALITY

## РЕЗУЛТАТИ ОД LAT

| LAT ИНДИКАТОР | | Ерменија | Азербејџан | Грузија |
|---|---|---|---|---|
| 18(а) | За брачни заедници задолжително е или се поттикнува заеднички упис на земјиште | 0 | 0 | 0 |
| 18(б) | За вонбрачни заедници задолжително е или се поттикнува заеднички упис на земјиште | 0 | 0 | 0 |
| 17(а) | За трансакција на земјиште потребна е согласност од сопружник | 2 | 2 | 0 |
| 17(б) | За трансакции со земјиште потребна е согласност од партнерот | 0 | 0 | 0 |
| 20(а) | Еднакви права за вдовци и вдовици или партнер на уделот од имотот на починат сопружник или партнер | 2 | 2 | 2 |
| 21(а) | Еднакви права за вдовици и вдовци на доживотно право на користење на семејниот дом | 2 | 0 | 0 |
| 22(а) | Еднакво право на наследство за ќерки и синови | 2 | 2 | 2 |
| 22(б) | Право на синови и ќерки на наследство на еднакви делови | 2 | 2 | 2 |
| 9 | Распределени се финансиски средства за зголемување на сопственоста и контролата врз земјиште кај жените | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Утврдени се квоти за учество на жените во институции за управување и администрација со земјиште | 0 | 0 | 0 |

### LAT МЕТОДОЛОГИЈА

- **0** не постои показател
- **0.5** се развива политика која го вклучува показателот
- **1.5** воспоставена политика во која е вклучен и показателот
- **1** воспоставена е политика која го опфаќа индикаторот
- **1.5** нацрт-законска регулатива (предлог закон или слично) која го содржи индикаторот
- **2** показателот постои во примарно законодавство
- **3** показателот постои во секундарно законодавство
- **НП** показателот не е применлив

# ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ 5.А.2 НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ПОШИРОКО

## ПАРТНЕРСТВО ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ВО СОПСТВЕНОСТ И КОНТРОЛА ВРЗ ЗЕМЈИШТЕ

**2020 ГОДИНА**

Ознаките и презентацијата на материјалот содржани во оваа публикација не подразбираат изразување на какво било мислење во име на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите Нации во врска со правниот статус на која било земја, територија, град или област, на нејзините институции или во врска со разграничување или утврдување на нејзините граници. Испрекинатите линии на картите претставуваат приближни граници за кои можеби сè уште нема целосна согласност.

BY NC SA

© FAO, 2020
CB0173MK/1/11.20